**ZAJEDNICA MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ**
**ЗАЕДНИЦА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА**
**ASSOCIATION OF MACEDONIANS IN REPUBLIC OF CROATIA**

CROATIA, ZAGREB, MASARYKOVA 16/1, ☎ +385 1 48 72 655, ☎/FAX +385 1 48 72 655
Žiro račun: 2340009-1100038804

Урброј: ЗМ - 06-1/2004
Загреб, 19.02.2004.

# З А П И С Н И К

од **20-сетата седница** на Управниот одбор на Заедницата која се одржа на ден **19.02.2004. год.** со почеток во 11,15 часот во просториите на Заедницата во Загреб.

**Присутни**: Илија Христодулов -МКД Илинден -Риека - претседател на Заедницата, Тања Јовановска -МКД Биљана - Задар, Благоја Јовановски - МКД Б. Миладиновци - Осиек, Анастас Оџаклиески -МКД К. Мисирков -Загреб, Момчило Карајанов - по полномоштво на претседателот на МКД Македонија -Сплит, Никола Гроздановски - секретар на Заедницата и Анка Рабузин - административна секретарка на Заедницата.
**Отсутни:** Славица Сагадин - МКД К. Рацин - Пула, која своето отсуство го оправда и ја овласти Тања Јовановска во застапувањето.
**Гости:** Томислав Зојчески - член на Советот за национални малцинства во РХ, Никола Илиевски - член на МКД К. Мисирков - Загреб.

Седницата ја водеше претседателот на Заедницата и претседател на Управниот одбор на Заедницата - Илија Христодулов.
По утврдувањето дека на седницата присуствува доволен број на членови за донесување на правно важечки одлуки, претседателот го прочита предложениот дневен ред. По спроведената дискусија со јавно гласање, членовите на УО **едногласно го прифатија предлогот на претседателот** и седницата ја продолжи работата по следниов:

## Д Н Е В Е Н Р Е Д

1. Усвојување на записникот од 19-сетата седница.

2. Анализа на активностите од претходната седница до денес:
   - реализирани трошкови за книгата *Калинка* и Македонски глас бр. 36.

3. Договор за одредување на висината на средствата према пријавените програми за оваа година.

4. Донесување на одлука за одржување на редовното изборно Собрание на Заедницата.

5. Разно:
   - разгледување на примените понуди за смештај на децата во летниот камп за македонски јазик и припрема за одржување на истиот,
   - договор за припрема на планираната изложба на македонски сликари и кипари.

**Ад. 1**. По завршената дискусија членовите на УО со јавно гласање **едногласно го усвоија записникот** од претходната седница на УО.

**Ад. 2.** * А. Рабузин ги извести присутните дека се реализирани повеќето трошкови за книгата *Калинка*, а преостанати се само еден дел од вториот оброк за хонорарите и дека книгите за авторот по договорот се предадени на истиот, а сите останати се доставени до Заедницата. Т. Јовановска го изнесе барањето на авторот на книгата -Ратко Димовски, да му се предадат уште 100 книги, а да тој во замена на тоа отстапи 100 примероци на Заедницата од книгата *Трамонтана*.
По спроведената дискусија, членовите на УО со јавно гласање **едногласно ги донесоа следниве одлуки:**
-преостанатите трошкови за оваа книга да се реализираат од средствата за 02/2004,
-секое друштво да ги превземе од Заедницата своите примероци од оваа книга,
- да се направи размена на 50 примероци од горespомнатите книги помеѓу Заедницата и Ратко Димовски,
- секое друштво да добие по 5 примероци од книгата *Трамонтана*, а останатите да останат во власништво на Заедницата.

* За списанието Македонски глас бр. 36. А. Рабузин истакна дека преостанува уште да се реализираат трошковите за хонорарите. Н. Гроздановски потсети дека претстојува реизбор на главниот уредник и на дописниците на списанието и дека би требало да се соберат повеќе понуди од печатници. Во дискусијата се вклучија сите присутни. Помеѓу другото стана збор за издавање на алманах, за сегашниот тираж на списанието, за претплата на заинтересираните, како и за тоа што на насловната страница пак е повторена иста слика како и за бр. 32. По завршената дискусија, членовите на УО со јавно гласање **едногласно ги донесоа следниве одлуки:**
- горespомнатите преостанати трошкови да се реализираат од средствата за 02/2004,
-да се побарат понуди од неколку печатници за печатење на списанието во 1000 примероци, од 40 страници и тоа во две варијанти: а). целосно во боја и б). само кориците во боја,
- да се предложат кандидати за главен уредник и за дописници за Собранието, а потоа УО да ги именува.
Пред поминувањето на следната точка од дневниот ред, А. Рабузин нагласи дека во реализација на режис.трошкови сега се вклучи и МПЦО Св. З. Мегленска кои го платија рачунот за греењето за 12/2003. год. во висина од 1.170,58 кн.

**Ад. 3.** Т. Зојчески ги запозна присутните со досегашните настани и работата на Советот за нац. малц.од чија страна за оваа година се побарани повеќе средства од Владата на РХ и дека за оваа година побарувањата на здруженијата се зголемени и дека со свои побарувања сега се јавиле и нови здруженија. Тој нагласи дека Заедницата ужива голем авторитет во владиниот Совет.
Претседателот истакна дека овие години према програмите сме добивале се повеќе средства и за оваа година се пријавени многу програми и очекуваме и бараме повеќе средства, а дека г. Зојчески и ние треба да се бориме и да ги браниме програмите. Исто така тој нагласи дека треба да настапуваме према дигнитетот на Заедницата. Понатаму е констатирано дека се примени средства за 01/2004 год. во висина од 22.000 кн вкупно за сите програми кои и досега биле финансирани.

Исто така е констатирано дека према програмите за оваа година МКД Б. Миладиновци - Осиек и МКД Биљана - Задар немаат наведено висина на средствата за пријавените програми и претседателите се обврзаа тоа накнадно да го направат. Претседателот ги извести присутните дека со г. Зојчески после овој состанок оди на договорен состанок со г-ѓа М. Клајнер во Уредот за нац. малц. каде ќе биде расправано за средствата за оваа година за Заедницата.

**Ад. 4.** По спроведената расправа по оваа точка, членовите на УО со јавно гласање **едногласно ги донесоа следниве одлуки:**
-Писмено од страна на Заедницата до Локалната управа и самоуправа да се побара одобрување за одржување на Собранието на 17.04.2004 (два дена покасно од законскиот рок со образложение заради средствата и верските празници),
- доколку се одобри тоа барање, Собранието да се одржи на тој ден, ако не, тогаш да се одржи на 15.04.2004. со почеток во 11,00 часот во Загреб,
- за изнаоѓање на сала и за останатите припремни работи се задолжува секретарот,
- друштвата навреме да достават попис на делегатите и останатите до Заедницата,
- за одржување на Собранието да се реализираат патните трошкови за делегатите (без дневници), за закуска и др. (поштарина, цвеќен аранжман),
- за трет член на Надзорниот одбор да биде по предлогот на Т. Јовановска - Живко Силавски од МКД Биљана - Задар,
- Надзорниот одбор да изврши контрола и направи извештај за Собранието за финан. работење на Заедницата во периодотот од минатото Собрание до 20.03.2004.,
- да се реализираат патните и дневните трошкови на членовите на НО.

**Ад. 5.**

1. Н. Гроздановски ги запозна присутните со досегашните припреми за одржување на летен камп по македонски јазик и ги прочита двете примени понуди за смештај на децата -прилог. По спроведената расправа, **членовите на УО се договорија:** - секое друштво во свој трошок да ги доведе децата до местото на одржување на летн. камп и - да сите друштва **до 01.03.2004**. год. до Заедницата испратат попис на децата и после тоа да се направат сите останати припреми околу тоа.
2. Н. Гроздановски исто така ги запозна присутните со поединостите за одржување на изложбата планирана во оваа година. После расправата, **членовите на УО се договорија: -** да ги известат своите членови за учество на таа изложба, - до крајот на 06/2004. г. сите друштва до Заедницата да достават попис на авторите кои би учествувале на изложбата, - потоа да се формира жири - и да се направат сите понатамошни работи за реализација на изложбата.
3. На прашањето од страна на А. Оџаклиески зошто било на паркетот во канцеларијата нацртано македонското знаме, одговори Н. Гроздановски: паркетот го поправи, избруси и лакира наш член - Тодорче Јанев и тоа бесплатно, а Заедницата плати за материјал (паркет и лак = 550,00 кн) и тоа беше негова замисла тој симбол да потсетува на Македонија, тоа го направи со волја, радост и желба без злонамера. После тоа некои тоа го одобрија, а некои критизираат. Во дискусијата по оваа прашање се вклучија сите присутни од кои некои изразија мислење за да се избрише, а други да остане тој симбол. По расправата членовите на УО **го донесоа следниов заклучок:** знамето на РМ е во просторијата за состаноци во Заедницата, а на паркетот во работната просторија нацртаниот симбол не е со злонамера направен и затоа сега нема да се брише, а ќе се направи консултација со лица кои ќе ни дадат одговор на тоа прашање.

**4.** Б. Јовановски ги извести присутните за претставувањето на книгата *Hrvatsko-makedonski odnosi kroz stoljeća* вчера во Загреб во организација на Хрватското-македонско друштво од Загреб. Тој побара од Заедницата да биде платен рачунот за спиењето во Загреб на денот на претставуњето на книгата, да му се отстапат уште 50 примероци од книгата, а предложи да се побара од Амбасадата на РМ да откупи 150 примероци од таа книга. По спроведената расправа, членовите на УО **констатираа** дека за претставувањето на таа книга, од страна на Заедницата со **потврда** е задожено Хрв.-макед. друштво со 50 примероци од оваа книга по цена од 30,00 кн (вкупно 1.500,00 кн) и дека на авторот Б. Јовановски се отстапени 5 примероци од истата книга - прилог. Потоа членовите на УО **се сложија** да на авторот му се отстапат уште 30 примероци од книгата за понатамошните претставувања (книгите Б. Јовановски ги превзеде по завршувањето на седницата) и да се плати горе смомнатиот рачун за спиењето.

**5.** На барање на Н. Илиевски, членовите на УО **констатираа** дека е примен материјалот што тој го достави до Заедницата.

Седницата заврши во 14,30 часот.

Записничарка: Претседател:

Анка Рабузин Илија Христодулов

ZAJEDNICA MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ
ЗАЕДНИЦА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА
ZAGREB
ЗАГРЕБ